**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДОЈРАН**

Бр.12-232/4 од 14.04.2022год.

Градоначалникот на општина Дојран, решавајки по барањето на Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип, со бр. Бр.12-232/1 од 23.03.2022година, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 32/20), го издава следното:

Р Ш Е Н И Е

Се одобрува Проектна програма, со технички број ПП-У-11/22 од 03/2022година, изработена од Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип, за изработка на Урбанистички проект за Инфраструктура за поставување 20кв кабелски вод, делница ТС 10(20)/0,4кв Сретеново-ТС 10(20)/0,4 кв „Алкалоид„ на 20кв извод Стар Дојран-КО.Стар Дојран, КО.Сретеново , општина Дојран.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип, поднесе барање за одобрување на Проектна програма, со технички број **ПП-У-11/22 од 03/2022**година, изработена од СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип, за изработка на Урбанистички проект за Инфраструктура за поставување 20кв кабелски вод, делница ТС 10(20)/0,4кв Сретеново-ТС 10(20)/0,4 кв „Алкалоид„ на 20кв извод Стар Дојран-КО.Стар Дојран, КО.Сретеново , општина Дојран.

Со барањето ја приложи следната документација:

- Проектна програма за изработка на Урбанистички проект за Инфраструктура за поставување 20кв кабелски вод, делница ТС 10(20)/0,4кв Сретеново-ТС 10(20)/0,4 кв „Алкалоид„ на 20кв извод Стар Дојран-КО.Стар Дојран, КО.Сретеново , општина Дојран - изработена од Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип со Тех.број ПП-У-11/22 од 03/2022год., за плански опфат кој опфаќа простор од 1246,98м2, или должина на траса 624,45м,
- Геодетски елаборат за Ажурирана геодетска подлога
- Потврда за заверка на геодетски елаборат
- Решение за услови за планирање на просторот,

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Дојран со решение Бр.09-1252/1 од 30.10.2018година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри.

Истото го потврди со Предлог за одобрување со број Бр.12-232 од 06.04.2022год.

Градоначалникот на општина Дојран по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од член 44 од од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.32/20), и член 58 од Правилникот за Урбанистичко планирање.

Врз основа на горе изнесеното Градоначалникот на општина Дојран одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Изработил:Блажо Катранџиев

Blazho Katrandjiev
Digitally signed by Blazho Katrandjiev
Date: 2022.04.14 15:34:40 +02'00'

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ДОЈРАН

**АНГО АНГОВ**

Ango Angov
Digitally signed by Ango Angov
Date: 2022.04.14 15:34:15 +02'00'